**Република Северна Македонија**
**Агенција за национална безбедност**

Врз основа на член 17 став (1) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија„ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 101/19 и 122/21) и член 2 од Одлуката за набавка на недвижна ствар („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.241/21), Агенцијата за национална безбедност на Република Северна Македонија објавува

## ЈАВЕН ОГЛАС ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ ЗА НАБАВКА НА НЕДВИЖНА СТВАР – ОБЈЕКТ

1. НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА ДРЖАВНИОТ ОРГАН КОЈ ЈА ВРШИ НАБАВКАТА: Агенцијата за национална безбедност на Република Северна Македонија, со седиште на бул. Илинден бр.2 Скопје.

2. ПРЕДМЕТ НА НАБАВКАТА е недвижна ствар – објект за сместување на Агенцијата за национална безбедност на Република Северна Македонија која ќе ги задоволува безбедносните стандарди за седиштето на Агенцијата, со површина од 2000 – 2100м2, со местоположба на подрачјето на катастарска општина Кисела Вода 2, во градот Скопје.

   Недвижната ствар - објект да биде од административно деловен карактер со соодветни работни простории (канцеларии), да биде во функција и да ги исполнува основните стандарди и нормативи од градежен и конструктивен карактер (статика).

   Недвижната ствар – објект треба да исполнува услови за примена на физичка безбедност и заштита на комуникациски, информациски и други електронски системи и класифицирани информации, согласно стандардите за физичка и периметарска заштита.

   Понудувачот да е единствен сопственик на недвижната ствар, за која не постои одлука од било кој орган или суд со која е ограничено правото на користење и располагање со истиот.

3. ПРОЦЕНЕТА ВРЕДНОСТ НА НАБАВКАТА, да не биде повисока од 90.000,00 денари по м2, без даноци и давачки.

4. НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ: Плаќањето ќе се изврши еднократно, во законски рок по достава на фактура.

5. Право на учество на Јавниот повик има секое физичко и правно лице кое ги исполнува критериумите за предметот на набавката.

6. Рокот за доставување на понуди е најдоцна до 8 ноември 2021 година.

7. Критериуми за избор на најповолна понуда се:

   - Проценетата вредност на недвижната ствар,
   - Местоположба,
   - Површина,
   - Катност,
   - Обезбеденост со инфраструктура.

8. Понудите се доставуваат во писарницата на Агенцијата за национална безбедност на Република Северна Македонија, на адреса ул.Димче Мирчев бр.9 - Скопје.

9. Во прилог на Понудата потребно е да се достави сопственичка документација за недвижната ствар предмет на понудата со која ќе се докаже местоположбата, површината и катноста и друга техничка документација со која ќе се докаже исполнувањето на барањата за обезбеденост со инфраструктура и безбедносните стандарди.

10. Понудата и целокупната пропратна документација се доставаат на македонски јазик.

11. Текстот на јавниот оглас е објавен на сајтот на Агенцијата за национална безбедност на Република Северна Македонија (www.anb.gov.mk).

АГЕНЦИЈА ЗА НАЦИОНАЛНА БЕЗБЕДНОСТ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА